Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
11- 227/8
12-10 2022 год.
ВИНИЦА

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира повторна Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог за **Урбанистички план за село Трсино, КО Трсино, Општина Виница**.

Планскиот опфат на **Урбанистичкиот план за село Трсино, К.О. Трсино, Општина Виница**, е дефиниран во графичкиот прилог-ажурирана геодетска подлога која е составен дел на оваа Предлог Планска програма и е со вкупна површина од **35.24Ха**.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 35.24 Ха, односно 352443м². Периметарот на планскиот опфат изнесува 3806.88 м'. Површината на уличната мрежа од УП за с.Трсино, К.О.Трсино, Општина Виница, во рамките на планскиот опфат изнесува 4.27Ха.

За предметниот локалитет при изработка на УП за с.Трсино, КО Трсино, ОпШтина Виница, како показател се користени одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија со тех.бр. S03120, согласно кои од Министерството за животна средина и просторно планирање е добиено реШание за Услови за планирање на просторот со бр.15-1257/2020, од 25.09.2020.

Предлог –планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница.
- Времето на излагање на планот ќе трае 10 дена со почеток од 12.10.2022 год. до 21.10.2022 год..Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Повторната јавна презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден 17.10.2022 год со почеток во 12:30 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

-------------------